Врз основа на член 23 став (1) точка 2 алинеја 1 од Статутот на Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија бр.01-391/2 од 26 август 2011 година и бр.01-374/6 од 19 март 2019 година и член 22 став (1) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 116/19 и 93/21) Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21 април 2022 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА ПОВЛАСТЕНИ ТАРИФИ ЗА КУПОПРОДАЖБА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ВО МАЛА ХИДРОЕЛЕКТРАНА**

1. Со ова одлука престанува да важи Одлуката за одобрување на користење на повластени тарифи за купопродажба на електрична енергија произведена во мала хидроелектрана УП1 бр. 08-28 од 3 јуни 2011 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.75/11) издадена на Друштвото за производство, трговија и услуги СТУДЕНЧИЦА МАЛИ ХИДРО ДОО Скопје за мала хидроелектрана „МХЕ Другово“.
2. Оваа одлука да се достави до Друштвото за производство, трговија и услуги СТУДЕНЧИЦА МАЛИ ХИДРО ДОО Скопје, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија, операторот на пазарот на електрична енергија и операторот на електродистрибутивниот систем.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“, и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, а ќе отпочне да се применува од 22 мај 2022 година.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за производство, трговија и услуги СТУДЕНЧИЦА МАЛИ ХИДРО ДОО Скопје е носител на Одлука за одобрување на користење на повластени тарифи за купопродажба на електрична енергија произведена во мала хидроелектрана УП1 бр. 08-28 од 3 јуни 2011 година донесено од страна на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 75/11) и Решение за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија од обновливи извори на енергија бр.03-8 од 19 мај 2011 година донесено од страна на Агенцијата за енергетика на Република Македонија за мала хидроелектрана “Другово”, упишан во Регистерот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија коишто користат повластена тарифа, со период на важење од 19 мај 2011 до 19 мај 2031 година, со регистарски број: ПП-ХЕ-14-6587178-ОЕМКХЦ150420110008-/11.

Согласно член 20 став (1) алинеја 2) како и член 21 став (1) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа Друштвото за производство, трговија и услуги СТУДЕНЧИЦА МАЛИ ХИДРО ДОО Скопје до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Барање за престанок на статус на повластен производител на 22 март 2022 година со арх.бр. УП1 08-28. Во прилог на барањето друштвото ја достави следната документација:

- Одлука за одобрување на користење на повластена тарифа за купопродажба на електрична енергија произведена во мала хидроелектрана УП1 бр. 08-28 од 3 јуни 2011 година донесена од страна на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за мала хидроелектрана “Другово”,

- Решение за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија од обновливи извори на енергија бр.03-8 од 19 мај 2011 година донесено од страна на Агенцијата за енергетика на Република Македонија,
- Одлука за продавање на електрична енергија произведена од МХЕ Другово на слободен пазар донесена на собир на содружници на Друштвото за производство, трговија и услуги СТУДЕНЧИЦА МАЛИ ХИДРО ДОО Скопје од страна на Друштвото за производство, трговија и услуги Феро Инвест ДОО Скопје и ЈПКД Комуналец Кичево, заведена со архивски бр.03-18/2 од 18 март 2022 година.

Согласно член 21 став (2) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа, а имајќи го во предвид денот на поднесување на Барањето за престанок на статус на повластен производител арх.бр. УП1 08-28 од 22 март 2022 година, Регулаторната комисија за енергетика го утврди датумот на престанок на Одлуката за одобрување на користење на повластени тарифи за купопродажба на електрична енергија произведена во мала хидроелектрана УП1 бр. 08-28 донесена од страна на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија на 3 јуни 2011 година.

Имајќи го на предвид горенаведеното, а врз основа на член 22 став (1) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 116/19 и 93/21), Регулаторната комисија за енергетика донесе Одлука за престанок на важење на Одлуката за одобрување на користење на повластени тарифи за купопродажба на електрична енергија произведена во мала хидроелектрана за мала хидроелектрана „Другово“.

Согласно горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 08-28**
**21 април 2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕГУЛАТОРНАТА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Марко Бислимоски**